Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Име на здружението/фондацијата:
Здружение за промовирање на електрични возила Електромобилити Скопје

Emri i shoqatës/ fondacionit:

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):
7338384

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Седиште и адреса (улица, број, општина):
Ул.Партизанска 2 бр.12/12 Скопје, Карпош

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Застапник:
Оливер Велковски

Proqesverbali:

Веб страница:
http://emobilnost.org/

Faqja e internetit:

Електронска пошта (e-mail):
ngoelektromobilnost@gmail.com

Posta elektronike ( e-mail):

Телефонски број за контакт:
071/395-457

Numri i telefonit për kontakt:

Лице за контакт:
Оливер Велковски

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Наслов на иницијативата:**

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

## Поставување на инфраструктура од брзи полначи за електрични возила по главните коридори во Р.С.Македонија

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

Ваквиот предлог е во согласност со стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.
Намалување на загадувањето на воздухот од сообраќајот и замена на постоечкиот застарен возен парк во државата со нови возила со еколошки предзнак. Ваквата иницијатива претставува една од низата мерки кои имаат индиректна стимулација за граѓаните и компаниите да размислуваат кон замена на своето возило на конвенционален погон со електрично, имајќи во предвид дека со помош на вакви полначи електричните возила кои имаат ограничен опсег на движење ќе имаат непречена можност за слободно движење низ државата.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

- промовирање на зелена транзиција преку градење на капацитети, вештини и зголемување на свеста;
- зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија;

Инфраструктура од полначи за електрични возила претставува основен предуслов за полесно интегрирање на електричните возила во општеството. Со помош на ваквата иницијатива Владата на Република Северна Македонија ќе даде допринос кон Планот за чист воздух (Приоритенти активности точка 7 Транспорт) како приоритена цел на Владата во борба против загадувањето на воздухот и емисијата на стакленички гасови каде загадувањето од сообраќајот има значајна улога.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

Ваквата иницијатива има директна поврзаност со Преговарачко поглавје 21 – Транс Европски Мрежи и Преговарачко поглавје 27 – Животна средина и климатски промени.
Електричните возила како нов тренд во мобилноста е приоритет на Европската унија од аспект на намалување на загадувањето на воздухот, заштита на животната средина и борбата против климатските промени кое воедно е регулирано во голем број на Директиви кон кои Р.С.Македонија како аспирант за членство во ЕУ мора да почне да се прилагодува. Директивата на ЕУ која недвосмилено го уредува развојот на инфраструктура на алтернативни горива во земјите членки на ЕУ е Deployment of alternative fuels infrastructure - DIRECTIVE 2014/94/EU.
Во насока на усогласување со Поглавје 14 – Транспортна политика во процесот на пристапни преговори со ЕУ потребно е воведување на ново и прилагодување на постоечкото Законодавство за чисти и енергетски ефикасни возила во патниот сооobraќај кој ќе треба да ја опфати и инфраструктурата од полначи за потребите на електричните возила.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë për akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Здружението за промовирање на електрични возила Електромобилити Скопје како граѓанска организација која со своите активности делува во насока на промовирање на електричните возила поради бројните бенефиции за општеството и заштита на животната средина, бара од Владата на Р.С.Македонија да овозможи прифаќање на предлог иницијативата и **изградба на инфраструктура од брзи полначи по главните коридори во државата** што ќе допринесе за поддршка на идејата да се овозможи полесен пристап на електричните возила до граѓаните и нивно полесно и побрзо транзитирање на целата територија на државата. Преку ваквата иницијатива се предвидува главните коридори (автопатишта)

во државата да бидат покриени со неопходна инфраструктура од брзи полначи (со моќност >DC 50 kW) за електрични возила.
Коридорот 10 е еден од најважните коридори на Балканот низ кој транзитираат голем број на граѓани на нашата држава но и странски туристи кои го користат овој автопат за пристап до Р.С.Македонија или транзитно да поминат низ неа (преку Србија кон Грција). Голем број од овие туристи кои од западниот дел на Европа имаат електрични возила го избегнуваат овој коридор и транзитирањето низ нашата држава поради непостоење на соодветна инфраструктура од брзи полначи.
Согласно меѓународните пракси поставување на брзи полначи се практикува на оддалеченост на 60-80 км, што значи дека доколку со оглед на тоа што должината на коридорот 10 (од границата со Р.Србија Г.П.Блаце до границата со Р.Грција – ГП.Богородица) изнесува околу 180 км потребно е поставување на минимум 3 полначи односно 6 во двата правци. Доколку се прифати ваквата иницијатива и се постават полначи по патните правци кои транзитираат кон граничните премини кон Бугарија, Грција, Албанија и Србија ќе бидат потребни околу 12 брзи полначи со што ќе се обезбеди солидна инфраструктура, што за почеток е сосема доволно, а со текот на времето и со подобрување на трендот на зголемување на бројот на електрични возила во нашата држава оваа инфраструктура би се надградувала.
Поставувањето на ваквата инфраструктура од брзи полначи согласно праксата кај нашиот северен сосед (Р.Србија) нашиот предлог е истата е да се спроведе преку **ЈП за Државни патишта и Министерстовот за транспорт и врски.**

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)
Прифаќањето на ваквата иницијатива од страна на Владата на Р.С.Македонија ќе даде дополнителен придонес во стимулирање на населението и правните субјекти за замена на традиционалните возила со возила базирани на „зелени“ технологии што ќе значи сериозен чекор кон промоција на електромобилноста во Северна Македонија и испраќање на јасна порака од страна на Владата за поддршка на Директивите (Deployment of alternative fuels infrastructure - DIRECTIVE 2014/94/EU), Европскиот зелен договор (European Green Deal) и напорите на Европската Унија кон намалувањето на загадувањето на воздухот и

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

бучавата од сообраќајот и заштита на животната средина. Воедно со имплементирање на една ваква инфраструктура од брзи полначи ќе овозможи полесно движење на електричните возила низ поголемиот дел од нашата држава и поголем транзит на странски туристи кои користат ваков тип на превозно средство. Прифаќањето на оваа иницијатива ќе значи можност за поголема продажба на електричните возила што пак значи промена на структурата на актуелниот возен парк во државата кој во овој момент е со просечна старост од 19,1 година од кои над 60% се на погон на дизел горива и низок ЕУРО стандард. Ваквиот возен парк претставува еден од поголемите причинители за загаденоста на воздухот во државата посебно во Скопје и поголемите градови во државата.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Имплементација на инфраструктура од брзи полначи од 10-12 уреди на ниво на целата територија на држава по главните автопатишта би побарала одредена инвестиција од страна на државата во вредност од 800.000 – 1.000.000 еур каде покрај вредноста на опремата во овој износ би била вклучена и инсталација на опремата. Сепак износот може да биде варијабилен и зависи најмногу од бројот на полначи кои ќе се набават и местоположбата на поставување на полначите. Европската Унија во рамки на проекти за Транс Европски Мрежи овозможува финансиска поддршка за имплементација на ваква инфраструктура од алтернативни горива во транспортот (полначи за елек.возила) што дополнително може да ја намали ваквата директна инвестиција од страна на Р.С.Македонија.

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

14. 09.2023 година ------------------------
М.П.

Здружение за промовирање на електрични возила • ЕЛЕКТРОМОБИЛИТИ Скопје

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2023 ------------------------------
V.V